РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр. 17-1915/2
29.10. 2021 год.
ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

ветозар Марковиќ“бр.1
2320 Делчево

л. + 389(0)33411550
w delcevo.gov.mk
E-mail:
nfo@delcevo.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
БР.
/./.2021 година
ДЕЛЧЕВО

***КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ***

**Општина Делчево**

# РЕВИЗИЈА НА ПРОЦЕС НА ДОНЕСУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ ЗА 2020 ВО

# ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**Делчево, Октомври 2021 Година**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**Наслов на извештајот**


**1. Извршно резиме ------------------------------------------------------------------------- 3-4 страна**

**2. Детален извештај ------------------------------------------------------------------ 5-6страна**

2.1. Вовед ---------------------------------------------------------- 5 страна

2.1.1.Опфат на ревизијата ________________________ 5-6 страна

2.1.2.Цел на ревизијата ____________________________ 6 страна

2.1.3.Контролни цели ____________________________ 6 страна

2.1.4.Законски прописи ___________________________ 6 страна

2.1.5.Методи на ревизијата ______________________ 6 страна

**3. Наоди и препораки--------------------------------------------------------------------- 7- 13 strana**

3.1. Заклучок ______________________________________________ 11 страна

***ИЗВРШНО РЕЗИМЕ***

Остварување на Буџетот на Општината за 2020 година е 92.5% или во апсолутен износ на планиран основен буџет од 302.113.900 ден. реализирано е 302.113.900 ден.Ваквите бројки се показател дека Буџетот при донесувањето се базира врз основа на реална база и дека се тргнува воглавно од трошковната страна и се води сметка за реалноста на приходните позиции, се смета дека при донесувањето на Буџетот треба да се тргне од приходната страна од реалноста за собирање на приходите и врз основа на тоа да се распоредат на трошковната страна.

Во Буџетот на Општина Делчево како приходни ставки се:

711-Приход од добивка и капитални добивки

713- Даноци на имот

717-Даноци на специфични услуги

718-Такси за користењеили дозволи за вршење на дејност

722-Такси и надсоместоци

723-Административни Такси и надоместоци

724-Други владини услуги

725-Други неданочни услуги

741-Трансфери од други ниво на власт

742-Донации од странство

744-Други тековни донации

754-Друго домашно задолжување

733-Продажба на земјиште и нематеријални задолжувања

Внатрешниот ревизор ја изврши ревизијата и врз основа на приложената документација и сознанијата до кои дојде го констатира следново:

- Базата на податоците за данок на имот се ажурира само по предмети од легализација по предмети од наследство, подарок и купопродажба а не е извршена целосно подолго време и затоа треба да се направи повторно репроценка на објектите.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ДЕЛЧЕВО

- Општината нема превземено мерки за навремено и целосна наплата на побарувањата од даноци на имот и комунална такса и правна заштита на побарувањата по овој основ(земајки ја во ппредвид Covid ситицијата).
- Побарувањата по основ на закуп на општинскиот имот во 2020 година не се правно заштитени заради наплата на побарувањето и избегнување на рокот за застареност.

## 2.1. ВОВЕД

Ревизијата е извршена како дел од годишниот план за внатрешна ревизија на Општина Делчево за 2020 година како Ревизија на процесот на собирањето на приходот за 2020 година .

За собирањето на приходот се грижи Сектор и Одделениeто за финансиски прашања каде има вкупно шест вработебни и тоа двајца во делот на даноците и еден во сметководството и еден во благајна,еден Раководител на сектор и еден раководител на Одделение за финансиски прашања.

Внатрешната ревизија кај субјектите ја вршат лица внатрешни ревизори,согласно мегународните стандарди за професионално извршување на внатрешна ревизија кои ги пропишува Министерството за финансии.

Основни задачи на внатрешната ревизија се :

- Оценување на значајни фактори на ризик и давање на совети на раководителот на субјектот за намалување на факторите за ризик;
- Врз основа на анализи да се утврди и оцени економичноста,ефикасноста и ефективноста во работењето на системите за финансиско управување и контрола и да се дадат препораки за подобрување на работата на субјектот;
- Проверка на точност на комплетноста на сметководствената евиденција и финансиски извештаи;
- Утврдување и оценување на усогласеноста на работењето со законите,подзаконите и интерните акти;
- Следење на спроведувањето на превземаните мерки од раководителот на субјектот врз основа на ревизорскиот извештај;

Ревизијата се спроведува согласно принципите на законитост,независност, непристрасност,доверливост и професионалност.

Ревизијата мисли дека функционирањето на системот за внатрешна контрола треба да биде релевентен и да обезбеди разумна сигурност дека процедурите се преземени на ефективен начин.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

### *2.1.1. Опфат на ревизијата*

Ревизијата опфака испитувања на докази,проценување на превземените активности од страна на раководстворо за навремено и целосно собирање на приходите, давање општа оценка за усогласеност на превземаните активности со законската регулатива како и оцена на сигурноста на интерните контроли со кои се обезбедува спречување или откривање на грешки во работењето..

Ревизијата опфаќа период на 2020 година .

Ревизијата е извршена во согласност со мегународните стандарди за професионално известување на внатрешната ревизија кои се пропишани во Република Северна Македонија при вршењето на внатрешната ревизија.Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви,со цел да се добие разумно уверување дека е обезбедена законитост во работење во Одделението за финансии и дека функционира систем на внатрешна контрола.

Со цел да биде сеопфатна ревизијата и со цел да се опфатат подрачјата каде има поголем ризик опфатени се следниве процеси:

- Процес на буџетитирање на приходите

-Процес на собирање на приходите

-Процес на заштита на побарувањата

-Системот на внатрешни контроли

Период на ревизијата е до 30.09.2021 година и доставување на конечниот извештај согласно Законот за ЈВФК во рок од еден месец.

### *2.1.2. Цел на ревизијата*

**а)** Целта е да се добие уверување дека приходите се навремено и целосно собираат и постои систем на внатрешна контрола.

### *2.1.3. Контролни цели*

Според ризиците во работењето,контролните цели на ревизијата се следните:

1. Да се добие уверување дека при работењето е запазена законската регулатива
2. Да се добие уверување дека Буџетот е изготвен на реална база
3. Да се добие уверување дека приходите се навремено и целосно собираат
4. Да се добие уверување дека е воспоставен систем на интерни контроли .

### *2.1.4. Законски прописи*

Законската регулатива и интерните акти што се однесуваат на ревидираното подрачје се:

1. Закон за Јавна внатрешна финансиска контрола
2. Закон за Буџети
3. Закон за Локална самоуправа
4. Закон за финансирање на ЕЛС
5. Закон за Постапување со бесправно изградените објекти
6. И други законски и подзаконски акти од оваа област.

### *2.1.5. Методи на ревизијата*

Во текот на ревизијата користени се следните методи: преглед на целокупната документација, тестови на усогласеност и содржајни тестови .

Внатрешната ревизија поседува фотокопирана документација за доказ.

## *НАОДИ И ПРЕПОРАКИ*

### 3.1 НАОДИ

Остварување на Буџетот на Општината за 2020 година е 92,5 % или во апсолутен износ на планиран вкупен буџет од 302.113.900 ден. реализирано е 279.662.416 ден. Ваквите бројки се показател дека Буџетот при донесувањето се базира врз основа на реална база и дека се тргнува од приходната страна од реалноста за собирање на приходите и врз основа на тоа и се распоредат на трошковната страна.

Во Буџетот на Општина Делчево како приходни ставки се:

711-Приход од добивка и капитални добивки

713- Даноци на имот

717-Даноци на специфични услуги

718-Такси за користењеили дозволи за вршење на дејност

722-Такси и надсоместоци

723-Административни Такси и надоместоци

724-Други владини услуги

725-Други неданочни услуги

741-Трансфери од други ниво на власт

742-Донации од странство

744-Други тековни донации

754-Друго домашно задолжување

733-Продажба на земјиште и нематеријални задолжувања

## 711-Приход од добивка и капитални добивки .

Тука спагаат приходите од данок од плата на вработените од Персоналниот данок на плата.Во 2020 година вкупно на оваа стапка има реализација од 2.804.313 ден. или само од персонален данок од плата износ од 2.300.000 ден во прицентиn121,90%.

## 713- Даноци на имот

Во овој вид на приход спагаат следниве даноци:

| Конто | Опис | Планирано | Остварено | Процент на остварување |
|---|---|---|---|---|
| 713111 | Данок на имот | 5.700.000 | 6.692.117 | 117,40% |
| 713113 | Данок на имот на правни лица | 3.200.000 | 3.283.591 | 102,61% |
| 713211 | Данок на наследство и подарок | 1.200.000 | 998.842 | 83,23% |
| 713311 | Данок на промет на недвижности и права | 2.500.000 | 2.468.467 | 98,73% |
| 713512 | Камата за доцнење во плакање на даноци од имот | 6.000 | 18.307 | 30,51% |
| | ВКУПНО | 12.606.000 | 13.461.324 | 106,7% |

Во Одделението за финансиски прашања каде се опфатени админстратирањето на доноците на имот се врши ажурирање врз основа на пријави за наследство и за подарок,врз основа на доставени податоци од страна на Одделението за урбанизам за бесправно изградени објекти и по согледувања од страна на вработените.Ревизорот смета дека бидејќи долго време не е направено репроценка на постоечките објекти, потребно е да се оди поинтезивно на терен заради репроценка на старите и изнаоѓање на нови објекти кои не се задолжени, а се со цел зголемување на облогот од данок на имот како на физички така и на правни лица.Исто така Ревизорот смета дека треба постојано да има соопштенија за потсетување на граганите за навремена наплата на даноците (медиумски покриено).

Врз приходите од даноците на наследство и подарок и даноците од данок на промет на недвижности и права Општината нема влијание и тоа зависи од тоа колку предмети на наследство и продажба ке има.

## 717-Даноци на специфични услуги

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ДЕЛЧЕВО

| Конто | Опис | Планирано | Остварено | Процент на остварување |
|---|---|---|---|---|
| 717111 | Комунална такса за привремен престој | 50.000 | 3.104 | 6,2% |
| 717112 | Комунална такса за истакнување на фирма | 3.000.000 | 1.678.300 | 55,94% |
| 717115 | Комунална такса за користење на улиците која се плака при регистрација | 1.200.000 | 1.127.166 | 93,93% |
| 717116 | Комунална такса за одржување на улично осветлување | 10.200.000 | 11.071.582 | 108,54% |
| | | | | |
| 717131 | Комунална такса за користење на простор пред деловен објект | 100.000 | 0 | 0% |
| 717135 | Комунална такса за користење на плоштад | 20.000 | 440 | 2,2% |
| 717137 | Комунален надомест за уредување на градежно земјиште | 4.171.000 | 4.343.901 | 104,14% |
| 717140 | Приходи од камата за ненавремено плакање на комунални такси кои се приход од ЕЛС | 5.000 | 0 | 0% |
| | ВКУПНО | 18.746.000 | 18.224.493 | 97,21% |

Од табелава се гледа дека помал приход од оваа група на приходи се:

- Проходот од комунална такса за истакнување на фирма чиј годишен облог за 2020 година бил 3.000.000 ден., а наплатено е 1.678.300 ден во 2020 година се јавува помала наплата бидејки дел од фирмите постојат во централен регистер и не се ликвидирани истите не можат да платат и затоа не е платена и фирмарината.Исто така е применета мерка за блокада на сметки за наплата, како мерка со писмена опомена за наплата.

- Комуналната такса за одржување на улично осветлување во 2020 година има процент на исполнување од 108,54% .Оваа такса има додар % за 2020 година и има големо влијание на приходната страна на Општината мегутоа на оваа комунална такса неможеме ниту да влијаеме ниту да ја контролираме тоа е во рацете на ЕВН кои ја наплакаат електричната енергија, а на општините не и е дадено контролен механизам за можност на контрола за целосно пуштање на собрана такса.

- Комуналната такса за користење на простор пред деловен простор и Комуналната такса за користење на плоштад се такси кои се во мал апсолутен износ или вкупно 0% во 2020 година , за овие такси советот на Општина Делчево има донесено одлука да не плакаат со оглет на Covid сосотојбата во државата .

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

- Комуналениот надомест за уредување на градежното земјиште се наплака врз основа на донесени цени за уредување на градежното земјиште на Совет на општината по Програма и зависи од тоа колку објекти ке има да се градат во таа година.

## 718-Такси за користење или дозволи за вршење на дејност

Во овој приход спагаат приходите од лиценца за угостителски дејност во бар, надоместок за Б-интегрирана дозвола и надоместок за управување со отпад. По овој основ во 2020 година се имаат собрано само 661.872 ден или во проценти 95,92%. кој е голем приход за Општината но на овој приход неможе да се влијае.

- Надоместок од комунална дејност, тука спага приходот кој го собира Комуналното претпријатие како такса за јавна чистото и согласно Законската регулатива секој месец е должна да го пренесе на сметката на Општината. ЈКП во 2020 година овој приход го има реализирано на сметката редовно и изнесува 657.972 ден.

## 722-Такси и надоместоци

Во овие приходи спагаат административните такси кои во 2020 год. изнесува 481.172 ден и на овие приходи неможе да се влијае.

## 723-Административни такси и надоместоци

Во 2020 година од планирани 11.767.000 ден, по овој основ Општината има наплатено средства од 5.055.224 ден. Ви буџетот на самофинансирачки активности се планирани средства за целодневна и предшколска грижа на 6.000.000 ден а има наплата 3.734.245 ден, Други помошни активности во образованието планирани се 3.340.000 а наплатено е 37.450 ден. Членарини од институции од областа на културата договорени се 170.000 ден а наплатени 103.155 ден, Други прехрамбени услуги 1.657.000 наплатено 0, Закупнина од објекти 200.000 ден наплата 0..Ревизорот смета дека со цел заштита на побарувањето дека е потребно да се утужи за да не застари побарувањето.Поради намалената реализација од планираната во буџетот на самофинасирачки активности доведува до намалување на прцентот на вкупната реализација односно до намалување на вкупните приходи во вкупниот буџет на општината.

## 725-Други неданочни приходи

Во овој приход спага приходот во износ од 1.050.000 ден планирани, реализирани 127.721ден, од склучени договори за заеднички комунални услуги кои ги плака Општината, а ги префактурира на подрачните министерства кои се сместени во општинската зграда и од мегуопштински договор со Општина Делчено, како и приход од 375.472 ден. од наплатата на премиите од каско осигурување.

## 733- Продажба на земјиште и нематеријални вложувања

Приходите по овој основ се од големо значење за општината и по одделни основи се:

| Конто | Опис | Планирано | Остварено | Процент на остварување |
|---|---|---|---|---|
| 733111 | Приходи од придажва на земјиште | 300.000 | 266.470 | 88.82% |
| 733115 | Приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата | 1.200.000 | 1.233.538 | 102,8% |
| 733119 | Приходи од концесии за простор | 0 | 59.819 | |
| 733120 | Надоместок од концесии за експлотација | 400.000 | 382.326 | 95,58% |
| 733131 | Приход од долготраен закуп | 0 | 1574 | |
| 733144 | Надоместок за утврдување на правен статут на бесправно изградени објекти-легализација | 2.200.000 | 784.490 | 35,65% |
| | ВКУПНО | 4.105.000 | 4.472.287 | 109% |

Од табелата се гледа дека кај овој приход имаме голем процент на остварување од 109%. Во оваа група на приходи спагаат и приходите од концесија на земјоделско земјиште која концесија е условена со процентот на наплатата на данок на имот кој е на 102%.

**Во оваа група на приходи спага и приходот од легализација на бесправно изградени објекти за што на крајот на годината согласно законската регулатива**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**треба да се даде посебен извештај за средствата каде се вложени бидејќи во Законот за утврдување на бесправно изградените објекти во** член 20 став 7 пишува дека ,,Единиците на локалната самоуправа се должни средствата собрани од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправен објект да го користат наменски и тоа за донесување на урбанистичка планска документација со која се врши вклопување на бесправните објекти во урбанистичко-планската документација и за инфраструктурно уредување на просторот во кој се наоѓаат истите и се должни да доставуваат годишен извештај за користењето на овие средства до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

## 741-Трансфери од други ниво на власт

| Конто | Опис | Планирано | Остварено | Процент на остварување |
|---|---|---|---|---|
| 741111 | Тековни трансфери од други ниво на власт | 7.132.000 | 0 | 0% |
| 741113 | Трансфери од буџетите на фондовите | 3.500.000 | 3.347.032 | 95,62% |
| 741114 | Пренесен вишок на приход од предходни години | 20.202.111 | 15.430.541 | 76,38% |
| 741115 | Дотации од приход од ДДВ | 27.322.000 | 27.239.340 | 99,69% |
| 741119 | Наменска дотација од ППТЕ | 7.924.000 | 7.923.996 | 99,99% |
| 741120 | Блок дотации на општината по одделни намени | 151.608.789 | 152.722.194 | 100,73% |
| | **ВКУПНО** | 217.538.900 | 206.663.103 | 95% |

Во оваа група спагаат приходите од ДДВ кои се добиваат по редовна распределба согласно Законската регулатива. Во приходите под конто 741111- Тековни трансфери од други ниво на власт спагаат и трансферите од програмата за рурален развој и биро за регионален развој како и од министерството за животна средина добиени врз основа на поднесени проекти..

Овие приходи од други нивоа на власт се планирани реално исполнувањето е 95%.

742-Донации од странство

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Во делот на приходи од донации се имаат планирано 5.639.000 а се добиени 5.347.336 ден., во проценти 94,82% што преставува голем процент на оствареност во однос на понудени донации и можности за аплицирање и добивање на донации за капитални проекти.

**ЗАКЛУЧОК:**

**Општина Делчево има изготвено Буџет врз основа на реална база и остварување од 92,5 %;.Општината има превземено мерки за поголем опфат за репроценка на имот со цел зголемување на вредноста основа за облог на данок на имот; има извршено заштита на побарувањата како од данок на имот, комунална такса така и на приходите од закуп на општински имот и кај одредени приходи се забележува ненавремена уплата како што е приходот од Приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата, Истакната фирма, приходите од Легализација.Со цел да се елиминират овие негативности треба да се зајакне внатрешната контрола која постојано ке алримира за недостатоците и ке се превземат мерки за редовно и навремено собирање на приходите и нивна заштита за наплата и неможност за застарување.**

**Ревизорот смета даека Секторот за финансиски прашања ја има спазено законската регулатива при донесувањето на Буџетот, и со вакав систем на управување и контрола и негово континуирано одржување ке се одржи поефикасно поекономично и поефективно користење на сретствата.**

***Изготвил:***

***Пмлад соработник***

***Вантрешен ревизор на обука***

***Катерина Трајановска***

______________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО